Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/2019 и 14/2020) и член 37 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" број 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22 и 274/22), Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, на ден 25.07.2023 година, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 02-7047/1
25-07-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## ПРАВИЛНИК

за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта бр. 02-11513/1 од 29.11.2017 година, бр. 02-4102/1 од 02.04.2018 година, бр. 02-8770/1 од 13.08.2019 година, бр.02-11571/1 од 29.11.2019 година, бр. 02-12413/1 од 02.12.2020 година, бр. 02-1826/1 од 19.02.2021 година, бр. 02-5788/1 од 04.06.2021 бр.02-2299/1 од 08.03.2022 година, број 02-7329/1 од 25.07.2022 година и број 02-2601/1 од 17.03.2023 година.

### Член 2

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА, по работното место со реден број 2 КДР0102Б01019 Самостоен советник на Директорот од областа на инвестициите, се додава ново работно место 2-а кое гласи:

| | |
|---|---|
| | |
| | |
| Реден број и шифра | **2-а. КДР0102Б01 019** |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Самостоен советник на Директорот од областа на нормативно правни работи |
| Број на извршители | 2 |
| Вид на образование | Општествени науки/Право |
| Други посебни услови | |

| | |
|---|---|
| Работни цели | да го советува Директорот, да изготвува мислења, дава препораки и насоки од областа на нормативно правните работи |
| Работни задачи | - Го советува Директорот за нормативно правните работи од областа на работењето на Јавното претпријатие<br>- Дава стручно мислење, упатства и толкување на Законите и подзаконските акти<br>- Дава иницијативи за изменување и дополнување на закони и подзаконски акти<br>- Учествува и советува во подготвување на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта, Годишниот план за јавни набавки и Извештајот за годишното работење на претпријатието<br>- предлага мислења и активности, дава мислења и објаснувања за непосредна примена на прописите од областа на работењето на претпријатието, подготвува анализи, информации, извештаи и мислења во спроведувањето на прописите<br>- Врши и други работи кои по својата природа спаѓаат во делокругот на работното место и извршува работни задачи по налог на претпоставениот во делокруг на своето работење |
| Одговара пред | Директорот |

Во точката 1. Одделение за организирање и поддршка на работата на Директорот, кај работното место под реден број 10 КДР0102В01066 Советник за односи со јавност, во делот број на извршители, бројот „1" се заменува со бројот „2".

Во точката 1. Одделение за организирање и поддршка на работата на Директорот, кај работното место под реден број 11-б КДР0102В04 004 Помлад соработник преведувач на албански јазик, во делот број на извршители, бројот „1" се заменува со бројот „2".

Во точката 1. Сектор за финансии, подточка 1.1 Одделение за финансиско планирање, маркетинг и продажба, работното место под реден број 24. КДР0102В01059 Советник за финансиско планирање и анализа со број на извршители „1" се брише.

Во точката 1. Сектор за финансии, подточка 1.1 Одделение за финансиско планирање, маркетинг и продажба, после работното место со реден број 24, се додава ново работно место 24-а, кое гласи:

| | |
|---|---|
| 1. Сектор за финансии | |
| 1.1 Одделение за финансиско планирање, маркетинг и продажба | |
| Реден број и шифра | 24-а.КДР0102 В04 020 |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Помлад соработник за финансиско планирање и анализа |
| Број на извршители | 2 |
| Вид на образование | Општествени науки/ Економија и бизнис, Други општествени науки/организациони науки и управување (менаџмент) |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Помага при извршување на работи и задачи во врска со финансиското планирање и анализа |
| Работни задачи | - Помага при подготвка на Петгодишната, Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта, Годишниот план за |

| | |
|---|---|
| | јавни набавки, Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие и квартални финансики извештаи;<br>- Учествува во подгототвување на извештаи за реализација на Годишната програма,<br>- Помага при следење на реализација на склучените договори со економските оператори ;<br>- Учествува во анализа на сите приходи и расходи во ЈП<br>- Врши и други работи кои по својата природа спаѓаат во делокругот на работното место и извршува работни задачи по налог на претпоставениот во делокруг на своето работење |
| Одговара пред | Раководителот на одделението за финансиско планирање и анализа |

Во точката 1. Сектор за финансии, подточка 1.2 Одделение за меѓународни плаќања и следење на договори со меѓународни финансиски институции, работното место под реден број 27. КДР0102В01058 Советник за меѓународни плаќања и следење на договори со меѓународни финансиски институции со број на извршители „1“ се брише.

Во точката 1. Сектор за финансии, подточка 1.2 Одделение за меѓународни плаќања и следење на договори со меѓународни финансиски институции, после работното место 27, се додава ново работно место 27-а, кое гласи:

| | |
|---|---|
| 1. Сектор за финансии | |
| 1.2 Одделение за меѓународни плаќања и следење на договори со меѓународни финансиски институции | |
| Реден број и шифра | 27-а.КДР0102В04 009 |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Помлад соработник за меѓународни плаќања и следење на договори со меѓународни финансиски институции |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Општествени науки/ Економија и бизнис, Други општествени науки- организациони науки и |

| | |
|---|---|
| | управување (менаџмент) |
| Други посебни услови | • / |
| Работни цели | Помага при извршување на работи и задачи во врска со следењето на договорите со меѓународните финансиски институции |
| Работни задачи | - помага при следење на договорите со меѓународните финансиски институции, од аспект на рокови, отплати, договорни и финансиски услови;<br>- помага при реализација на договорите кои се дел од конкретниот проект;<br>- помага во постапката за отплатите на главнина и камата по кредити од меѓународни финансиски институции и подготвува документи за отплата на истите и помага при вршење на плаќања во странство;<br>- Помага при сметководствено евидентирање на промените на соодветните наменски сметки за секој заем поодделно;<br>- Помага во постапката за преговори (усни и писмени) со меѓународни финансиски институции;<br>- Врши и други работи кои по својата природа спаѓаат во делокругот на работното место и извршува работни задачи по налог на претпоставениот во делокруг на своето работење |
| Одговара пред | Раководителот на одделението за меѓународни плаќања и следење на договори со меѓународни финансиски институции |

Во точка 2. Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи, потточка 2.1 Одделение за правни работи, застапување, подготовка и следење на

експропријација, работното место под број 42 КДР0102В01061 Советник за правни работи, подготовка и следење на експропријација, во делот број на извршители бројот „5“ се заменува со бројот „4“.

Во точка 2. Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи, потточка 2.1 Одделение за правни работи, застапување, подготовка и следење на експропријација, работното место под 42-а КДР0102В03011 Соработник за правни работи, подготовка и следење на експропријација, во делот број на извршители бројот „2“ се заменува со бројот „1“ и во делот други посебни услови се додаваат зборовите „Работно искуство од областа на експропријацијата“.

Во точката 2.Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи, подточка 2.2 Одделение за човечки ресурси и општи работи, работното место под реден број 46 КДР0102В03023, Соработник за човечки ресурси и општи работи, со број на извршители 1,се менува и гласи:

| **2.Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи** | |
|---|---|
| **2.2 Одделение за човечки ресурси и општи работи** | |
| Реден број и шифра | **46.КДР0102**В04 **042** |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Помлад соработник за човечки ресурси и општи работи |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Општествени науки/ Право, Други општествени науки/јавна управа и администрација |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Помага при извршување на работи од областа на човечките ресурси и општи работи |
| Работни задачи | - ги врши наједноставните работи од надлежност на Одделението кои се однесуваат на човечките ресурси во претпријатието<br>- помага при водење на постапки кои произлегуваат од правата и обврските од работниот однос и изготвува соодветни акти; |

| | |
|---|---|
| | - помага при спроведувањето на постапки за вработувањепомага при давањето на стручна помош на сите вработени<br>- врши пријава и одјава на вработени<br>- Се грижи за спроведување на воспоставената организација за работа и систематизација на работните места на вработените во Јавното претпријатие<br>- Помага во следењето на ефикасноста во користење на работното време од страна на вработените, со предлог мерки и активности за поголема ефикасност<br>- Помага при евидентирањето на примената документација и води комплетна евиденција за истата<br>- Врши и други работи кои по својата природа спаѓаат во делокругот на работното место и извршува работни задачи по налог на претпоставениот во делокруг на своето работење. |
| Одговара пред | Раководителот на одделението **за човечки ресурси и општи работи** |
| | |

Во точка 2. Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи, потточка 2.2 Одделение за човечки ресурси и општи работи, кај работното место под реден број 48 КДР0102Г03118 референт архивар, во делот број на извршители бројот „2" се заменува со бројот „3" и кај други посебни услови се додават зборовите„ познавање од областа на канцелариско и архивско работење".

Во точка 3 Сектор за јавни набавки, потточка 3.1Одделение за административно – техничка поддршка за јавни набавки, кај работното место под реден број 56 КДР0102Б04 011 Раководител на одделение за административно – техничка поддршка за јавни набавки, постојниот вид на образование„ Правни науки, економски науки, градежништво и водостопанство, информатика" се менува и гласи„ Високо образование."

Во точка 3 Сектор за јавни набавки, потточка 3.2 Одделение за спроведување на постапките за јавни набавки, работното место под реден број 60-а КДР0102В03003 Соработник за спроведување на постапките за јавни набавки со број на извршители „1"се брише.

Во точка 4 Сектор за инвестиции со средства од РМ, потточка 4.1 Одделение за инвестиции и градба на патишта со средства од РМ, кај работното место со реден

број 66 КДР0102В01079 Советник за инвестиции и градба на патишта со средства од РМ, во делот број на извршители бројот „4“ се заменува со бројот „3“

Во точка 4 Сектор за инвестиции со средства од РМ, потточка 4.2 Одделение за техничка подготовка и планирање со средства од РМ кај работното место со реден број 71 КДР0102В01081 Советник за административна подготовка на проекти со средства од РМ во делот број на извршители бројот бројот „1“ се заменува со бројот „2“ и постојниот вид на образование„ Градежништво и водостопанство “се менува и гласи „Инженерство и технологија/Градежништво, Друго инженерство и технологија/Архитектура, урбанизам и планирање.“

Во точка 5 по зборовите „Сектор за инвестиции со средства од МФИ“ се додаваат зборовите„ и ЕУ фондови“

Во точка 5 Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови работното место со реден број 73 КДР0102Б02011 Раководител на Сектор за инвестиции со средства од МФИ, во делот на називот и работните задачи се менува и гласи:

| 5.Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови | |
|---|---|
| | |
| Реден број и шифра | **73.КДР0102Б02 011** |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Раководител на Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Инженерство и технологија/Градежништво |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Раководи со Секторот, ја координира, усогласува и следи работата и остварување на соработката на одделенијата во Секторот. |
| Работни задачи | - Раководи со секторот ги организира и координира работите во секторот, ја контролира целокупната работа во секторот и е одговорен за навремено и законито извршување на работите<br>- Се грижи за законитост и правилна примена |

| | |
|---|---|
| | на законите во работењето на Секторот и Јавното претпријатие;<br>- Се грижи за правилна примена и исполнување на со закон предвидените обврски на Јавното претпријатие од доменот на неговата работа;<br>- По потреба ја потпишува поштата од надлежност на Секторот и истата ја распределува;<br>- Изготвува информации до Владата на Република Македонија, Министерства и други институции од областа на Секторот;<br>- Ги организира и координира работите околу изготвувањето на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта и учествува во изготвување планот за јавни набавки;<br>- Го следи спроведувањето на договорите за изградба, реконструкција и рехабилитација на патиштата, финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови;<br>- Врши контрола на ситуации од изградба, реконструкција и рехабилитација на патиштата, финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови;<br>- Ги организира и координира работите околу изготвувањето на тендерската документација од областа на изградба на патиштата, финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови во соработка со меѓународните институции;<br>- Врши и други работи кои по својата природа спаѓаат во делокругот на работното место и извршува работни задачи по налог на претпоставениот во делокруг на своето работење. |
| Одговара пред | Помошник Директорот за инвестиции |

Во точка 5.Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови работното место со реден број 74 КДР0102Б03019 Помошник раководител на Сектор за инвестиции со средства од МФИ, во делот на називот, работните задачи и број на извршители се менува и гласи

| 5. Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови |
|---|

| | |
|---|---|
| | |
| Реден број и шифра | 74.КДР0102Б03 019 |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Помошник раководител на Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови |
| Број на извршители | 2 |
| Вид на образование | Инженерство и технологија/Градежништво, |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Помага во координирање, усогласување и следење на работата и остварување на соработката на одделенијата во Секторот |
| Работни задачи | - Го заменува раководителот на секторот во случај на негова спреченост.<br>- Помага при организирација, координирање и контролирање на целокупната работа на Секторот<br>- Се грижи за законитоста во работењето на Секторот<br>- По потреба ја потпишува поштата од областа на неговото работење и истата ја распределува<br>- Изготвува информации до Владата на Република Македонија, Министерства и други институции од областа на Секторот<br>- Врши работи поврзани со ЕУ фондовите (ИПА) согласно обврските од Прирачниците за внатрешни процедури за работа и Оперативните договори за ИПА;<br>- Учествува во подготвување на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта и во изготвување на планот за јавни набавки<br>- Го следи спроведувањето на договорите за изградба, реконструкција и рехабилитација |

| | |
|---|---|
| | на патиштата, финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови,<br>- Учествува во проверка и контрола на ситуации од изградба, реконструкција и рехабилитација на патиштата, финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови<br>- Учествува во подготовка на тендерската документација од областа на изградба на патиштата, финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови, во соработка со меѓународните институции<br>- Врши и други работи кои по својата природа спаѓаат во делокругот на работното место и извршува работни задачи по налог на претпоставениот во делокруг на своето работење. |
| Одговара пред | Раководителот на секторот за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови |

Во точка 5.Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови, во потточка 5.1 Одделение за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ, во називот на одделението се додаваат зборовите „ и ЕУ фондови“ .

Во точка 5 Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови работното место со реден број 75 КДР0102Б04023 Раководител на Одделение за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ, во делот на називот, работните задачи се менува и гласи

| 5. Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови | |
|---|---|
| 5.1 Одделение за инвестиции и градба на патишта, со средства од МФИ и ЕУ фондови | |
| Реден број и шифра | 75.КДР0102Б04 022 |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Раководител на Одделение за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ и ЕУ фондови |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Инженерство и технологија/Градежништво |
| Други посебни услови | • |
| Работни цели | Организирање и координирање на работите во одделението |

| | |
|---|---|
| | |
| Работни задачи | - Раководи со одделението ги организира, координира работите во одделението ја контролира целокупната работа во одделението и е одговорен за навремено и законито извршување на работите;<br>- Врши целосна координација во припрема на сите документи и податоци потребни за договорите за проектите за изградба, реконструкција, рехабилитација и надзор на патиштата финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови<br>- Врши целосна координација на управувањето и вршењето на надзорот за договорите (од потпишување на договорот до крај на гарантниот период);<br>- Врши координирање и усовршување на техничките идеи за проекти вклучувајќи ги и техничките спецификации, сметка на износот и проценка на трошокот;<br>- -Учествува и го координира процесот на следење на склучените договори согласно правилата на ЕУ фондовите<br>- Ги врши сите работи поврзани со ЕУ фондовите (ИПА) согласно обврските од Прирачниците за внатрешни процедури за работа и Оперативните договори за ИПА;<br>- Ги обезбедува сите потребни информации за вршење на внатрешна и надворешна ревизија на имплементацијата на проектите од областа на изградба, реконструкција или рехабилитација на патиштата финансирани од ЕУ;<br>- Учествува во подготовка и реализација на годишната програма во делот за изградба реконструкција, рехабилитација и надзор на проекти<br>- Врши проверка на измени во договорот предложени од страна на Изведувачот, надзорниот орган<br>- Ги проверува ситуациите од изградба, реконструкција, рехабилитација и надзор на проекти финансирани од МФИ и ги доставува на потпис до раководителот на секторот и помошникот директор |

| | |
|---|---|
| | - Соработува со надзорните органи и консултанти во текот на изградбата, реконструкцијата и рехабилитацијата на патот, финансиран со средства од МФИ<br>- Врши и други работи кои по својата природа спаѓаат во делокругот на работното место и извршува работни задачи по налог на претпоставениот во делокруг на своето работење. |
| Одговара пред | Раководителот на Секторот за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови |

Во точка 5. Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови, потточка 5.1 Одделение за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ и ЕУ фондови, кај работното место под реден број 76 КДР0102В01075 Советник за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ, во делот број на извршители бројот „6“ се заменува со бројот „5“

Во точка 5. Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови, потточка 5.1 Одделение за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ и ЕУ фондови по работното место со реден број 76 -а КДР0102В01075 Советник за инвестиции и од делот за електроенергетски објекти со средства од МФИ се додава ново работно место 76-б кое гласи:

| 5. Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови | |
|---|---|
| 5.1 Одделение за инвестиции и градба на патишта, со средства од МФИ и ЕУ фондови | |
| Реден број и шифра | 76-б.КДР0102В01 075 |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Советник за следење на ИПА проекти и друга помош на ЕУ |
| Број на извршители | 2 |
| Вид на образование | Инженерство и технологија/Градежништво |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | самостојно извршува најсложени работи и задачи во областа на следењето на проектите финансирани од ЕУ фондови |

| | |
|---|---|
| | |
| Работни задачи | - Подготвува материјали и учествува во редовните состаноци за мониторинг на прогресот на имплемтација на проектите од областа на изградба, реконструкција или рехабилитација на патиштата финансирани од ЕУ;<br>- Подготвува материјали и учествува во состаноци на Секторскиот комитет за мониторинг на прогресот на имплементација на проектите од областа на изградба, реконструкција или рехабилитација на патиштата финансирани од ЕУ;<br>- Врши оценка на ризикот на проектите и подготвува план за нивно следење и проверки, а потоа и го спроведува и следи одобрениот план;<br>- Секојдневно следи дали изведувачите/контракторите ги исполнуваат обврските во согласност со претходно дефинираните услови и стандарди за квалитет во склучените договори;<br>- Ги проверува и одобрува извештаите од изведувачите/контракторите, ги одобрува и ја потврдува точноста на извештаите од консултантите и и нивното пријавено работно време (time sheet); врши проверка на времените ситуации;<br>- Врши административни проверки и мониторинг на физичкиот прогрес на имплементација на проектите, и известува за проблемите или неизвршувањето на текот на спроведувањето на договорите;<br>- Прави преглед на документите потребни за основање и работење на Управниот одбор на ИПА проектот;<br>- Придонесува со информации и податоци кон подготовката на Годишната декларација за управување;<br>- Ги обезбедува сите потребни информации за вршење на внатрешна и надворешна ревизија на имплементацијата на проектите финансирани од ЕУ. |
| Одговара пред | **Раководител на Одделение за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ и ЕУ** |

| | |
|---|---|
| | **фондови** |

Во точка 5.Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови, потточка 5.2 „Одделение за подготовка на тендери за проекти финансирани со средства од МФИ во називот на одделението се додаваат зборовите „ и ЕУ фондови ".

Во точка 5.Сектор за инвестиции со средства од МФИ работното место со реден број 78 КДР0102Б04025 Раководител на Одделение за подготовка на тендери за проекти финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови, во делот на називот и работните задачи се менува и гласи

| 5.Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови | |
|---|---|
| 5.2 Одделение за подготовка на тендери за проекти финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови | |
| Реден број и шифра | **78.КДР0102Б04 025** |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Раководител на Одделение за подготовка на тендери за проекти финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Инженерство и технологија/Градежништво |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Организирање и координирање на работите во одделението |
| Работни задачи | - раководи со одделението, ги организира, ги насочува и ги координира работите во одделението и е одговорен за нивно навремено и законито извршување;<br>- ги распоредува работите и задачите на извршителите во одделението, им дава насоки за нивно извршување и врши контрола и надзор над извршување на работите;<br>- Ја утврдува потребата од изготвување на Тендерска документација за набавка на консултантски услуги, стоки и работи за изградба, реконструкција и рехабилитација на патиштата, финансирани со средства од МФИ, согласно приоритетите од Стратегијата за развој |

| | |
|---|---|
| | и одржување на државните патишта<br>- Учествува во изготвување на Тендерска документација за изградба, реконструкција и рехабилитација на патишта финансирани со средства од МФИ<br>- Учествува во изготвување на тендерски документации за проекти за изградба, реконструкција, рехабилитација и надзор на патиштата, финансирани со средства од МФИ, во соработка со меѓународните институции<br>- Учествува и го координира процесот на изработка на тендерска документација согласно правилата на ЕУ фондовите<br>- Ги врши сите работи поврзани со ЕУ фондовите (ИПА) согласно обврските од Прирачниците за внатрешни процедури за работа и Оперативните договори за ИПА<br>- Врши евалуација на пристигнати понуди и ја следи подготовката на договорната документација за проекти финансирани со средства од МФИ.<br>- Ги координира активностите за подготовка и реализација на годишната програма во делот за тендери<br>- Учествува во подготовка на Стратегијата за развој и одржување на државните патишта.<br>- Учествува во работни групи за реализација на проекти финансирани преку меѓународни грант програми<br>- Учествува во изготвување информации до Владата на Република Македонија, Министерства и други институции од областа на Одделението<br>- Врши и други работи кои по својата природа спаѓаат во делокругот на работното место и извршува работни задачи по налог на претпоставениот во делокруг на своето работење. |
| Одговара пред | Раководителот на Секторот за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови |

Во точка 5. Сектор за инвестиции со средства од МФИ, потточка 5.2 Одделение за подготовка на тендери за проекти финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови, кај работното место под реден број 79 КДР0102В01058 Советник за

подготовка на тендери со средства од МФИ, во делот број на извршители бројот „3“ се заменува со бројот „2“

Во точка 5. Сектор за инвестиции со средства од МФИ, потточка 5.2 Одделение за подготовка на тендери за проекти финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови по работното место со реден број 79 КДР0102В01058 Советник за подготовка на тендери со средства од МФИ се додаваат две нови работни места 79-а и 79-б кои гласат:

| 5.Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови | |
|---|---|
| 5.2 Одделение за подготовка на тендери за проекти финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови | |
| Реден број и шифра | 79-а.КДР0102В01 058 |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Советник за програмирање на ИПА и друга помош на ЕУ |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Инженерство и технологија/Градежништво |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Врши одредени административно стручни функции од делокругот на одделението и самостојно извршува најсложени работи и задачи во областа на планирањето на ЕУ фондовите |
| Работни задачи | - Ги изработува, проверува и ревидира акциски фишеа/документи, Обрасци за идентификација на операции (ОИС) и годишни и повеќегодишните акциски програми финансирани од ЕУ;<br>- Ги подготвува и ревидира апликациите за т.н. Големи Проекти;<br>- Дава технички придонес во изработката на други плански документи и Планот за набавки за проектите од областа на изградба, реконструкција или рехабилитација на патиштата;<br>- По потреба, учествува во работните групи од |

| | |
|---|---|
| | Претпристапната програма за членство во Европска Унија, а особено во поглавјето 21-Трансевропски транспортни мрежи и поглавјето 22-Регионална политика и координација на структурните инструменти;<br>- Учествува во комисии за евалуација на тендери за проекти од областа на изградба, реконструкција или рехабилитација на патиштата финансирани од ЕУ;<br>- За проектите од областа на изградба, реконструкција или рехабилитација на патиштата обезбедува координација меѓу ЕУ помошта и другите извори на финансирање;<br>- Блиску соработува со НИПАК/ СЕП во однос на сите активности за програмирање на програмите и проектите од областа на изградба, реконструкција или рехабилитација на патиштата финансирани од ЕУ;<br>- Ги обезбедува сите потребни информации за вршење на внатрешна и надворешна ревизија на имплементацијата на проектите финансирани од ЕУ (ИПА и друга помош);<br>- Придонесува со податоци за својата работа во извештаите за потребите на Секторскиот мониторинг комитет, Годишната декларација за управување и извештај за стекнати искуства и научени лекции („Lessons Learned“). |
| Одговара пред | **Раководител на Одделение за подготовка на тендери за проекти финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови** |

| 5.Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови | |
|---|---|
| 5.2 Одделение за подготовка на тендери за проекти финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови | |
| Реден број и шифра | **79-б.КДР0102В01 058** |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Советник за спроведување на ИПА и друга помош на ЕУ |

| | |
|---|---|
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Инженерство и технологија/Градежништво |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Врши одредени административно стручни функции од делокругот<br><br>на одделението и самостојно извршува најсложени работи и задачи во областа на<br><br>тендерирање и спроведување на ЕУ фондовите |
| Работни задачи | - Согласно Планот за спроведување на тендери, подготвува и ревидира тендерска документација (проектни задачи, технички спецификации, тендерски досиеја) во согласност со правилата на ПРАГ во договор со МТВ, ЦФЦД-МФ и ДЕУ;<br>- Дава појаснувања на прашања од потенцијаните понудувачи во текот на тендерската постапка ;<br>- Учествува во комисии за евалуација на тендери од областа на изградба, реконструкција или рехабилитација на патиштата финансирани од ЕУ;<br>- Учествува во подготовката и ажурирање на Планот за набавки на ЕУ проекти (ИПА и други програми на Заедницата);<br>- По потреба, учествува во работните групи за поглавјето 21- Трансевропски транспортни мрежи и поглавјето 22-Регионална политика и координација на структурните инструменти;<br>- Врши проверка на тендерските документи и документи за спроведување на проектите, користејќи Листи за проверка согласно Прирачникот за внатрешни постапки за работа – дел за спроведување на проекти финансирани од ИПА;<br>- Ги обезбедува сите потребни информации за вршење на внатрешна и надворешна ревизија на имплементацијата на проектите финансирани од ЕУ (ИПА и друга помош);<br>- Придонесува со податоци за својата работа во извештаите за потребите на Секторскиот мониторинг комитет, Годишната декларација за |

| | |
|---|---|
| | управување и извештај за стекнати искуства и научени лекции („Lessons Learned“). |
| Одговара пред | Раководител на Одделение за подготовка на тендери за проекти финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови |

Во точка 5.Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови, потточка 5.3 Одделение за заштита на животна средина и социјални аспекти, кај работното место под реден број 81 КДР0102В01081 Советник за заштита на животна средина, во делот број на извршители бројот „3“ се заменува со бројот „2“.

Во точката 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, подточка 6.3 Одделение за наплата на патарина и контрола, после работното место под реден број 96 се додава ново работно место 96-а , кое гласи:

| 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина | |
|---|---|
| 6.3 Одделение за наплата на патарина и контрола | |
| Реден број и шифра | 96-а. КДР0305Б01 088 |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Стручен оператор за електронска наплата на патарина |
| Број на извршители | 2 |
| Вид на образование | Високо образование |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Ја организира и следи целокупната работа во врска со ефикасно организирање на електронската наплата на патарина |
| Работни задачи | - Ја организира целокупната работа околу ефикасно следење на електронската наплата на патарина<br>- го надгледува процесот на евиденција, продажба и и пост продажба на електронски уреди, |

| | |
|---|---|
| | -изготвува фактури и други документи поврзани со процесот на електронска наплата на патарина<br>-изготвува извештаи околу пријавени технички проблеми поврзани со електронската наплата на патарина<br>-отвара нови сметки и води детални прегледи на сметки за сите регистрирани корисници за Мсмарт и Мтаг.<br>- Врши и други работи кои по својата природа спаѓаат во делокругот на работното место и извршува работни задачи по налог на претпоставениот во делокруг на своето работење. |
| Одговара пред | Раководителот за Одделението за наплата на патарина и контрола |

Во точка 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, потточка 6.3 Одделение за наплата на патарина и контрола, кај работното место под реден број 99. КДР0305Б04101 Инкасант за наплата на патарина, во делот број на извршители бројот „321" се заменува со бројот „315".

Во точка 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, потточка 6.3 Одделение за наплата на патарина и контрола, кај работното место под реден број 101-а. КДР0305Б01088 Стручен оператор за контрола на дневни извештаи од патарина, во делот број на извршители бројот „1" се заменува со бројот „2".

Во точка 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, потточка 6.3 Одделение за наплата на патарина и контрола, кај работното место под реден број 102. КДР0305Б02235 Референт оператор за контрола на дневни извештаи од патарина, во делот број на извршители бројот „2" се заменува со бројот „1".

Во точка 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, потточка 6.4 Одделение за контрола на сообраќај, кај работното место под реден број 109. КДР0305Б03108 Референт за контрола на сообраќај, во делот број на извршители бројот „3" се заменува со бројот „2".

Во точка 7.Сектор за безбедност на патишта и управување со патиштата, потточка 7.1 Одделение за РАМС- Систем за управување со патиштата, кај работното место под реден број 114.КДР0102В01070 Советник - специјалист за систем за управување со патишта, постојниот вид на образование„ Градежништво и водостопанство, Сообраќај и транспорт, Електротехника "се менува и гласи „Инжерство и

технологија/ Градежништво и водостопанство и Друго инженерство и технологија/Индустриско инженерство и менаџмент, Сообраќај и транспорт".

**Член 3**

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

ДИРЕКТОР

Ejup Rustemi

## VII. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

| Р. бр. | шифра | Звање и/или назив на р.м. | Број на систем. р.м. | Број на пополнети. р.м. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Админ. Сл. | Дават. на услуги | Пом. Тех. пе |
| 1. | КДР0102Б01 019 | Самостоен советник на Директорот од областа на одржување, заштита на патиштата и наплата на патарина | 2 | 1 | | |
| 2. | КДР0102Б01 019 | Самостоен советник на Директорот од областа на инвестициите | 1 | 0 | | |
| 2а 2. | КДР0102Б01 019 | Самостоен советник на Директорот од областа на нормативно правни работи | 2 | 0 | | |
| 3. | КДР0102Б01 009 | Помошник директор за финансии | 1 | 1 | | |
| 4. | КДР0102Б01 015 | Помошник директор за правни работи, човечки ресурси и општи работи | 1 | 1 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | КДР0102Б01 016 | Помошник директор за јавни набавки | 1 | 0 | | |
| 6. | КДР0102Б01 022 | Помошник директор за инвестиции | 1 | 1 | | |
| 7. | КДР0102Б01 017 | Помошник директор за одржување, заштита, управување и безбедност на патишта и наплата на патарина | 1 | 1 | | |
| 8. | КДР0102Б04 171 | Раководител на одделение за организирање и поддршка на работата на Директорот | 1 | 1 | | |
| 9. | КДР0102В01 054 | Советник - организатор на работата на Директорот | 1 | 1 | | |
| 10. | КДР0102В01 066 | Советник за односи со јавност | 2 | 1 | | |
| 10-а | КДР0102В04034 | Помлад соработник за односи со јавност | 1 | 1 | | |
| 11. | КДР0102В01 064 | Советник преведувач на англиски јазик | 1 | 1 | | |
| 11-а | КДР0102В01 068 | Советник преведувач на албански јазик | 0 | 0 | | |
| 11-б | КДР0102В04 004 | Помлад соработник преведувач на | 2 | 0 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | албански јазик | | | | |
| 12. | КДР0102Г01 006 | Самостоен референт - технички секретар на директорот | 2 | 1 | | |
| 12-а | КДР0102Г01 009 | Самостоен Референт - Технички секретар | 1 | 1 | | |
| 13. | КДР0403А01 001 | Возач и одговорен на возен парк | 1 | | | 1 |
| 13-а | КДР0403А01 001 | Возач на директорот | 1 | | | 0 |
| 14. | КДР0102Б04 010 | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | 1 | 1 | | |
| 15. | КДР0102В01 056 | Советник внатрешен ревизор | 1 | 0 | | |
| 16. | КДР0102В04 014 | Помлад соработник-внатрешен ревизор на обука | 1 | 0 | | |
| 17. | КДР0102Б04 011 | Раководител на одделение за информатички и комуникациски технологии | 1 | 1 | | |
| 18. | КДР0102В01 057 | Советник за ИКТ | 1 | 0 | | |
| 18-а | КДР0102В02 063 | Виш соработник за ИКТ | 0 | 0 | | |
| 19. | КДР0102Г01 051 | Самостоен референт - координатор за икт | 0 | 0 | | |
| 20. | КДР0102Г03 112 | Технички референт за информатички и комуникациски | 1 | 1 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | технологии | | | | |
| 21. | КДР0102Б02 048 | Раководител на сектор за финансии | 1 | 0 | | |
| 22. | КДР0102Б03 026 | Помошник раководител на сектор за финансии | 1 | 1 | | |
| 23. | КДР0102Б04 014 | Раководител на одделение за финансиско планирање, маркетинг и продажба | 1 | 1 | | |
| 24. | КДР0102В01 059 | Советник за финансиско планирање и анализа | 0 | 0 | | |
| 24-а | КДР0102В04020 | Помлад соработник за финансиско планирање и анализа | 2 | 0 | | |
| 25. | КДР0102В01 212 | Советник за маркетинг и продажба | 0 | 0 | | |
| 26. | КДР0102Б04 013 | Раководител на одделение за меѓународни плаќања и следење на договори со меѓународни финансиски институции | 1 | 0 | | |
| 27. | КДР0102В01 058 | Советник за меѓународни плаќања и следење на договори со меѓународни | 0 | 0 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | финансиски институции | | | | |
| 27-а | КДР0102В04009 | Помлад соработник за меѓународни плаќања и следење на договори со меѓународни финансиски институции | 1 | 0 | | |
| 28. | КДР0102В03 018 | Соработник за меѓународни плаќања и следење на договори со меѓународни финансиски институции (избришано) | 0 | 0 | | |
| 29. | КДР0102Б04 015 | Раководител на одделение за сметководство и плаќање | 1 | 1 | | |
| 30. | КДР0102В01 060 | Советник за сметководство и плаќање | 1 | 1 | | |
| 31. | КДР0102Г01 001 | Самостоен референт-одговорен сметководител | 0 | 0 | | |
| 32. | КДР0102Г01001 | Самостоен референт-сметководител и контрола на приходи | 1 | 1 | | |
| 33. | КДР0102Г03 113 | Референт – сметководител и одговорен за плаќања | 1 | 1 | | |
| 34. | КДР0102Г03 113 | Референт | 1 | 1 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | сметководител, контрола на приходите и изработка на плата | | | | |
| 35. | КДР0102Г03 117 | Референт – благајник и контрола на повраток на средства од патна такса | 1 | 1 | | |
| 36. | КДР0102Г03 113 | Референт сметководител и контрола на повраток на средства од патна такса | 1 | 1 | | |
| 37. | КДР0405А01 002 | Магационер | 1 | | | 1 |
| 38. | КДР0102Б02 049 | Раководител на Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи | 1 | 0 | | |
| 39. | КДР0102Б03 023 | Помошник раководител на Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи | 1 | 1 | | |
| 40. | КДР0102Б04 169 | Раководител на Одделение за правни работи, застапување, подготовка и следење на експропријација | 1 | 0 | | |
| 41. | КДР0102В01 061 | Советник за правни работи и застапување | 1 | 1 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 42. | КДР0102В01 061 | Советник за правни работи, подготовка и следење на експропријација | 4 | 3 | | |
| 42-а | КДР0102В03011 | Соработник за правни работи, подготовка и следење на експропријација | 1 | 0 | | |
| 42-б | КДР0102В04010 | Помлад соработник за правни работи, подготовка и следење на експропријација | 2 | 1 | | |
| 43. | КДР0102Г03 009 | референт за документација | 1 | 1 | | |
| 44. | КДР0102Б04 017 | Раководител на Одделение за човечки ресурси и општи работи | 1 | 1 | | |
| 45. | КДР0102В01 054 | Советник за човечки ресурси и општи работи | 2 | 2 | | |
| 46. | КДР0102В04042 | Помлад Соработник за човечки ресурси и општи работи | 1 | 0 | | |
| 47. | КДР0102Г03009 | референт за документација | 1 | 1 | | |
| 47-а | КДР0102Г01 012 | Самостоен референт - координатор архивар | 2 | 1 | | |
| 48. | КДР0102Г03 121 | Референт-архивар | 3 | 2 | | |
| 49. | КДР0405А02 019 | Курир | 0 | | | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 50. | КДР0403А02 004 | Возач | 2 | | | 2 |
| 51. | КДР0401А03 005 | Хигиеничар | 3 | | | 3 |
| 52. | КДР0404А03 001 | Кафекувар | 1 | | | 1 |
| 53. | КДР0402А03 001 | Портир | 1 | | | 1 |
| 54. | КДР0102Б02 009 | Раководител на Сектор за јавни набавки | 1 | 0 | | |
| 55. | КДР0102Б03 017 | Помошник раководител на Сектор за јавни набавки | 1 | 1 | | |
| 56. | КДР0102Б04 058 | Раководител на одделение за административно – техничка поддршка за јавни набавки | 1 | 0 | | |
| 57. | КДР0102В01 098 | Советник за административно – техничка поддршка за јавни набавки | 2 | 2 | | |
| 58. | КДР0102Г01 017 | Самостоен референт за документација | 1 | 1 | | |
| 59. | КДР0102Б04 058 | Раководител на одделение за спроведување на постапките за јавни набавки | 1 | 1 | | |
| 60. | КДР0102В01 067 | Советник за спроведување на постапките за јавни набавки | 1 | 1 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 60-а | КДР0102В03003 | Соработник за спроведување на постапките за јавни набавки | 0 | 0 | | |
| 61. | КДР0102В01 069 | Советник за јавни набавки - систем администратор | 1 | 1 | | |
| 62. | КДР0102Г03 009 | референт за документација | 0 | 0 | | |
| 63. | КДР0102Б02 011 | Раководител на Сектор за инвестиции со средства од РМ | 1 | 1 | | |
| 64. | КДР0102Б03 019 | Помошник раководител на Сектор за инвестиции со средства од РМ | 1 | 0 | | |
| 65. | КДР0102Б04 023 | Раководител на Одделение за инвестиции и градба на патишта со средства од РМ | 1 | 1 | | |
| 66. | КДР0102В01 075 | Советник за инвестиции и градба на патишта со средства од РМ | 3 | 3 | | |
| 67. | КДР0102В04 003 | Помлад Соработник за инвестиции и градба на патишта со средства од РМ | 0 | 0 | | |
| 68. | КДР0102Г03 009 | референт за документација | 1 | 0 | | |
| 69. | КДР0102Б04 053 | Раководител на Одделение за техничка подготовка и планирање со | 1 | 1 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | средства од РМ | | | | |
| 70. | КДР0102В01 076 | Советник за изработка и следење на проектна документација со средства од РМ | 0 | 0 | | |
| 71. | КДР0102В01 077 | Советник за административна подготовка на проекти со средства од РМ | 2 | 1 | | |
| 72. | КДР0102Г03 009 | референт за документација | 0 | 0 | | |
| 73. | КДР0102Б02 011 | Раководител на Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови | 1 | 0 | | |
| 74. | КДР0102Б03 019 | Помошник раководител на Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови | 2 | 1 | | |
| 75. | КДР0102Б04 023 | Раководител на Одделение за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ и ЕУ фондови | 1 | 0 | | |
| 76. | КДР0102В01 075 | Советник за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ | 5 | 5 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 76-а | КДР0102В01 075 | Советник за инвестиции од делот за електроенергетски објекти со средства од МФИ | 1 | 1 | | |
| 76-б | КДР0102В01 075 | Советник за следење на ИПА проекти и друга помош на ЕУ | 2 | 0 | | |
| 77. | КДР0102В04 003 | Помлад соработник за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ | 0 | 0 | | |
| 78. | КДР0102Б04 025 | Раководител на Одделение за подготовка на тендери за проекти финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови | 1 | 0 | | |
| 79. | КДР0102В01 058 | Советник за подготовка на тендери со средства од МФИ | 2 | 2 | | |
| 79-а | КДР0102В01 058 | Советник за програмирање на ИПА и друга помош на ЕУ | 1 | 0 | | |
| 79-б | КДР0102В01 058 | Советник за спроведување на ИПА и друга помош на ЕУ | 1 | 0 | | |
| 80. | КДР0102Б04 045 | Раководител на Одделение за заштита на животна средина и | 1 | 0 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | социјални аспекти | | | | |
| 81. | КДР0102В01 081 | Советник за заштита на животна средина | 2 | 2 | | |
| 82. | КДР0102Б02068 | Раководител на Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина | 1 | 1 | | |
| 83. | КДР0102Б03018 | Помошник раководител на Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина | 2 | 2 | | |
| 84. | КДР0102Б04019 | Раководител на Одделение за одржување на патишта и електроенергетски објекти | 1 | 1 | | |
| 85. | КДР0102В01074 | Советник за одржување на електроенергетски објекти | 2 | 2 | | |
| 86. | КДР0102В01 070 | Советник за одржување на патишта | 3 | 2 | | |
| 87. | КДР0102В03036 | Соработник за одржување на патишта | 0 | 0 | | |
| 88. | КДР0102Г03 009 | референт за документација | 1 | 1 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 89. | КДР0102Б04019 | Раководител на одделение за заштита на патишта | 1 | 0 | | |
| 90. | КДР0102В01 072 | Советник за издавање на одобрувања и одобренија | 1 | 1 | | |
| 91. | КДР0102В01 073 | Советник за вонреден превоз и проверка на тежина на возила | 1 | 0 | | |
| 92. | КДР0102В03 054 | Соработник за вонреден превоз и проверка на тежина на возила | 1 | 1 | | |
| 93. | КДР0102Г03 009 | референт за документација | 2 | 2 | | |
| 94. | КДР0305А03 097 | Раководител на Одделение за наплата на патарина и контрола | 1 | | 1 | |
| 95. | КДР0305Б01 088 | Стручен соработник за наплата на патарина и контрола (избришано) | 0 | | 0 | |
| 96. | КДР0305Б02038 | Координатор за наплата на патарина | 1 | | 0 | |
| 96-а | КДР0305Б01 088 | Стручен оператор за електронска наплата на патарина | 2 | | 0 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 97. | КДР0305Б02076 | Одговорен на наплатна станица | 18 | | 17 | |
| 98. | КДР0305Б03 065 | Сменоводител за наплата на патарина | 38 | | 35 | |
| 99. | КДР0305Б04101 | Инкасант за наплата на патарина | 315 | | 172 | |
| 100 | КДР0305Б04021 | Референт техничар за електрика | 1 | | 1 | |
| 101. | КДР0305Б02232 | Техничко лице за одржување на хардвер и софтвер | 1 | | 1 | |
| 101-а | КДР0305Б01 088 | Стручен оператор за контрола на дневни извештаи | 2 | | 1 | |
| 102 | КДР0305Б02235 | Референт оператор за контрола на дневни извештаи од патарина | 1 | | 1 | |
| 103 | КДР0401А03 005 | Хигиеничар на објекти | 6 | | | 6 |
| 104 | КДР0305Б02038 | Координатор за контрола | 1 | | 1 | |
| 105 | КДР0305Б03 131 | Контролор за мобилна контрола | 4 | | 3 | |
| 106 | КДР0305Б03 131 | Контролор за видео мониторинг контрола | 5 | | 4 | |
| 107. | КДР0305А03073 | Раководител на Одделение за контрола на сообраќај | 1 | | 0 | |
| 108 | КДР0305Б01090 | Советник за | 4 | | 2 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | контрола на сообраќај | | | | |
| 108-а | КДР0305Б01090 | Советник за контрола на сообраќај и одржување на компјутерска опрема | 1 | | 1 | |
| 109 | КДР0305Б03108 | Рефрент за контрола на сообраќај | 2 | | 2 | |
| 110. | КДР0305БО3028 | Референт оператор | 7 | | 7 | |
| 111. | КДР0102Б02069 | Раководител на Сектор за безбедност на патишта и управување со патиштата | 1 | 1 | | |
| 112. | КДР0102Б03018 | Помошник раководител на Сектор за безбедност на патишта и управување со патиштата | 1 | 1 | | |
| 113. | КДР0102Б04124 | Раководител на Одделение за РАМС - Систем за управување со патиштата | 1 | 1 | | |
| 114. | КДР0102В01070 | Советник - специјалист за систем за управување со патишта | 1 | 0 | | |
| 115. | КДР0102Г03079 | Референт техничар | 0 | 0 | | |
| 116. | КДР0102В01196 | Советник за броење и анализа | 0 | 0 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | на сообраќај и за мерење на тежини | | | | |
| 117. | КДР0102В03042 | Соработник за броење и анализа на сообраќај мерење тежини | 1 | 1 | | |
| 118. | КДР0102Б04187 | Раководител на Одделение за безбедност на патиштата | 1 | 0 | | |
| 119. | КДР0102В01025 | Советник за управување со брзината на возилата на државните патишта, управување со црни точки на државните патишта и анализа на сообраќајните несреќи со последици | 0 | 0 | | |
| 120 | КДР0102В01074 | Советник за превентивни мерки, сигнализација и режим на сообраќај | 1 | 1 | | |
| 121. | КДР0102В01070 | Советник за патни објекти (тунели, мостови, надпатници и подпатници) | 0 | 0 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **вкупно** | 546 | 81 | 249 | 15 |

ДИРЕКТОР

Ejup Rustemi